Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 04.07.2022

Во периодот од 20.30 часот на 03.07.2022 година до 02.30 часот на 04.07.2022 година, за време на одржување на музичка манифестација во Стар Дојран, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица, во координација со полициски службеници од Секторот за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при МВР и Единица за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при СВР Скопје извршиле контрола и ги лишиле од слобода К.А.(18) и А.М.(19), двајцата од Скопје, М.Ц.(26) и Д.П.(27), двајцата од Куманово, Г.П.(22) од Прилеп, Н.М.(22) од Охрид, Т.С.(21) од Валандово, Д.А.(19) од село Николиќ, општина Дојран и И.К.(20) од село Иловица, струмичко, бидејќи кај нив биле пронајдени повеќе видови дрога. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 02.07.2022 во 23.15 часот на ул.„Гоце Делчев" во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Н.Л.(28) и Ј.Б.(25), двајцата од Велес, затоа што при преглед во возило „фиат панда", со велешки регистерски ознаки, во кое се превезувале, биле пронајдени четири куршуми за пиштол со калибар 7.65мм. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 во 19.55 часот во Куманово, полициски службеници од Полициската станица Куманово ги лишиле од слобода И.К.(41) и Ж.С.(68), двајцата од Косово, затоа што направиле илегален влез во државата. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 во рамки на засилената акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 408 возачи. Од нив 28 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а шест возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. При тоа 173 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 235 надвор од населено место.

На 03.07.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 109 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 58 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 15 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 03.07.2022, во периодот од 18.00 до 24.00 часот, спроведена е засилена акциска контрола на територијата на СВР Тетово за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 65 возачи. Од нив, 35 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, девет возеле без возачка дозвола, три мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

На 03.07.2022, во периодот од 18.00 до 24.00 часот, спроведена е засилена акциска контрола на територијата на СВР Куманово за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 52 возачи. Од нив, 41 возач не користел заштитна кацига за време на возење, осум возеле без возачка дозвола, а санкционирани се и други прекршоци.

На 03.07.2022, во периодот од 18.00 до 24.00 часот, спроведена е засилена акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 57 возачи. Од нив, 30 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 17 возеле без возачка дозвола, три мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

На 03.07.2022, во периодот од 18.00 до 24.00 часот, спроведена е засилена акциска контрола на територијата на СВР Велес за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 42 возачи. Од нив, 26 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 10 возеле без возачка дозвола, три мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

На 03.07.2022, во периодот од 18.00 до 22.00 часот, на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за откривање на прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли. Притоа, биле констатирани 20 прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 03.07.2022 во 21.15 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на ул.„ЈНА" во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ќ.И.(47) од с.Желино, тетовско, товарно возило „пежо", управувано од А.У.(46) од с.Здуње, гостиварско и патничко возило „мерцедес", управувано од В.С.(34) од Гостивар, двете со гостиварски регистарски ознаки Во несреќата, возачот А.У. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Ургентен центар во Гостивар. Увид извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Н.(27) од струшкото село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". Тој, на 09.05.2022, при прием на пратка преку доставувач, извршил исплата со банкнота од 100 евра. Подоцна, кога доставувачот сакал да ја размени банкнотата во менувачница, му било кажано дека парите кои биле пуштени во оптек се лажни.

Во рамки на активностите за откривање и законско санкционирање на бесправно сечење, транспортирање и продажба на огревно дрво, на 03.07.2022 од 18.00 до 24.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар на три локации во гостиварски Вруток пронашле 12 кубни метри дрва без потребниот жиг и документи. Дрвата се подигнати и предадени на Шумска полиција. Се преземаат активности за расчистување на случајот и против лицата каде биле пронајдени дрвата ќе бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 03.07.2022 во периодот од 18.00 до 24.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли кон возачи на мотоцикли. Притоа, полициските службеници регистрирале 45 прекршоци (Охрид-17, Струга-15, Кичево-04, Дебар-09) од кои најчест е неносење заштитна кацига во текот на управувањето.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija Гевгелија при Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе барање за поведување на постапка против Р.Ц.М.(35) и Г.Ф.Л.Ј.(22), двајцата од Куба, поради постоење основано сомнение дека постапиле спротивно на Законот за странци. На 02.07.2021 во 17.05 часот во близина на место викано „Сува река", полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Богородица ги пронашле пријавените и при контрола било констатирано дека имаат остварено незаконски влез и престој во државата. Пријавените се изведени пред судија за прекршоци од Основен суд Гевгелија, кој им изрекол глоба и санкција „протерување на странец од територијата на Република Северна Македонија".

Во периодот од 27.06.2022 до 03.07.2022 спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на неисполнување на пропишаните услови во однос на затемнувањето на стаклата на возилата. При контролата санкционирани се 30 учесници во сообраќајот. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 04.07.2022 во 01.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле Ж.Г.(25) и А.Г.(21), двајцата од Скопје, затоа што околу 00.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Аеродром, пријавените заедно со Д.М.(20) од Скопје, од една страна и И.С.(42) од Скопје, од друга страна, го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка, во која И.С. употребил тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 17.42 часот во Полициската станица Аеродром, В.В.(48) од Скопје пријавила дека во 17.00 часот на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање во сообраќајот, била физички нападната од нејзиниот сосед З.В.(46) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.07.2022 во 01.20 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, А.А.(22) од Скопје бил физички нападнат од Ж.Н. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 10.20 часот во СВР Битола, В.М.(37) од Битола пријавила дека на 02.07.2022 околу 21.30 часот на ул.„Минела Бабуковски", нејзината малолетна ќерка била физички нападната од К.П.(24) од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 11.37 часот во СВР Скопје, А.Б.(46) од с.Пагаруша, скопско, пријавил дека ветробранското стакло на неговото патничко возило „форд мондео", со германски национални ознаки, паркирано на ул.„Втора македонска бригада", било оштетено од залутано зрно. Повредени лица нема и се работи на расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 14.42 часот во СВР Скопје, Р.С.(33) од с.Света Петка, скопско, пријавил дека помеѓу селата Средно и Долно Коњари, додека управувал товарно возило натоварено со бали слама, настанал пожар, при што изгореле сламата и возилото. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 03.07.2022 во 15.38 часот во СВР Скопје, Д.С.(38) од с.Инџиково, скопско, пријавил дека во неговиот двор пронашол залутано зрно. Се работи на расчистување на случајот.